# Твининг проект: „Зајакнување на среднорочно буџетирање за ефективно управување со јавните финансии“

## *Подготовка на кохерентна програмска структура на буџетот*

Во пролетниот период, експертите продолжија со подготовка на новата програмската структура на Буџетот на Република Македонија.

На крајот на март, г-ѓа Катја Лаутар и г-ѓа Ирена Ростан од Словенија продолжија да работат на програмската класификација. Г-ѓа Лаутар работеше на политиката Економија, конкурентност и претприемништво, а исто така ја изготви и првата верзија за политиката Енергетика. Г-ѓа Лаутар учествуваше на повеќе состаноци со претставници од различни сектори на Министерството за економија и со други буџетски корисници. На состаноците беа разгледани нацрт пристапот, структурата, целите и индикаторите.

Г-ѓа Ростан започна со нова политика, која ќе ги вклучува на пример, Министерството за локална самоуправа и Министерството за информатичко општество и администрација. Почетните предлози за оваа политика беа изработени во соработка со буџетските аналитичари на Министерството за финансии. Г-ѓа Ростан, исто така, дополнително ја провери претходно подготвената политика Здравство.

Во средината на април, г-ѓа Јана Пољак од Словенија продолжи да работи на политиката Внатрешна и надворешна безбедност, Образование, наука и спорт и Култура. Беа одржани консултативни состаноци со Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и Министерството за надворешни работи. Политиката Култура беше финализирана, а работата сѐуште ќе продолжи и во останатите политики.

## *Прирачник за програмска реформа на Буџетот и нацрт извештаи за трошење*

Во периодот март - мај, процесот на подготовка на Прирачникот за програмско буџетирање продолжи. Кон крајот на март, г-ѓа Моника Гепл од Австрија работеше на Прирачникот, со цел усогласување на терминологијата, процесите и пристапот со оние кои се утврдени во новиот предлог на Законот за буџети. Г-ѓа Гепл, исто така, подготви нацрт за содржината на новиот буџет во политика Земјоделството и шумарството, што би послужил како пример како би изгледал новиот буџет според политики. Се очекува Прирачникот да биде финализиран и отпечатен во текот на летниот период.

За време на нејзиниот престој во земјата, беа разгледани обрасците за прибирање на податоци потребни за извештаите за успешност, како и за процесот за Фискална стратегија, Буџетот и Завршната сметка. Исто така, беа разгледани и некои идеи за тоа како истите може да се искористат во "извештаите за трошење".

Во текот на истата недела од март, г-ѓа Џојс Теунисен од Холандија спроведе експертска мисија во земјата со цел да ги анализира постојните потреби и корисниците на извештаите за трошење (и ефикасност) земени од ИТ-системите (е-буџет и е-трезор). Таа исто така работеше и на развивање на првите идеи за идни извештаи за трошење коишто би биле повеќе ориентирани кон успешноста во работењето. Г-ѓа Теунисен соработуваше со г-ѓа Гепл и одржа консултативни состаноци со неколку сектори во Министерството за финансии со цел да се дискутира за постојниот циклус на известување, изготвување извештаи, за предизвиците и дополнителни потреби за известување. Се одржа и дискусија и во однос на известувањето за трошење и известувањето за успешност.

Како резултат на тоа, г-ѓа Теунисен даде неколку препораки и резиме на постоечките и препорачани идни извештаи.

## ***Визуелизација на Буџетот***




*Семинар за визуелизација на буџет*

На почетокот на март г-дин Бенедикт Гемилшег од Австрија и г-ѓа Нина Пуолусмаки од Финска работеа заедно на буџетска достапност и транспарентност како и визуелизација на Буџетот врз основа на австриското и финското искуство, а нивната работа даде придонес за изготвувањето на предлог содржината на „Граѓански буџет“.

Во текот на нивната експертска мисија, беше реализиран и семинар за Граѓанскиот буџет и визуелизација на буџетот врз основа на австриското и финското искуство, нагласувајќи ја важноста на достапност на буџетските податоци. На учесниците им беа презентирани австриски, фински и други европски примери на Граѓански буџет и визуелизација на буџет. По семинарот, експертите работеа со претставници од Секторот за буџет и фондови на изготвување на планот за работа и основната структура за Граѓанскиот буџет на Република Македонија. За време на нивната посета, г-дин Гемилшег и г-ѓа Пуолусмаки ја изготвија листа со теми што се обработуваат во Граѓанскиот буџет, , временската рамка со надлежности и дадоа и препораки за содржината, графиконите визуелизацијата. Исто така, беа разгледани идеи за тоа како да се направат excel табели и графикони потребни за граѓанскиот буџет.

## ***Прирачник и обуки за MTBF (среднорочна буџетска рамка) и MTEF (среднорочна рамка за расходи)***

Во текот на пролетта, г-дин Бенедикт Гемилшег од Австрија работеше на понатамошно развивање и финализирање на Прирачникот за среднорочна буџетска рамка и среднорочна рамка за расходи, а во согласност со добиените повратни информации од пилот буџетските корисници и од Министерството за финансии. Прирачникот беше финализиран и испечатен кон крајот на мај 2017 година.

На почетокот на април беше организирана тридневна обука за новата реформа на MTBF и MTEF (обука на обучувачи). Обуката се одржа во Струга, за "проширена група" од пилот-мрежата на буџетски корисници. Г-ѓа Анина Аутеро од Финска и г-дин Бенедикт Гемилшег од Австрија ја поддржаа оваа обука со нивната експертиза.

Главните цели на обуката беа:

- да се разберат причините и придобивките зад реформата за среднорочно буџетирање – притоа опфаќајќи теорија и пракса;
- да се презентираат клучните аспекти на реформата, како што е рамката за фискални правила и лимитите на расходи, како и новиот буџетски календар,
- да се претстави што е основно сценарио и како да се подготви основното сценарио;
- да им се овозможи на буџетските корисници да изработат основно сценарио и да го спроведат процесот на преговарање помеѓу буџетските аналитичари на Министерство за финансии и пилот буџетските корисници.

Обуката, исто така, беше поддржана од буџетните аналитичари од Министерството за финансии и беше добра можност за продлабочување на соработката помеѓу нив и буџетските корисници.





Проектот е финансиран од Европската Унија

Првиот ден од обуката вклучуваше презентации за среднорочната реформа на буџетот и за проекциите за основното сценарио. Во текот на вториот ден буџетските корисници ги изготвија своите основни сценарија и остварија преговори со Секторот за буџет и фондови. Учесниците на обуката добија печатена верзија на нацрт Прирачникот за среднорочна буџетска рамка и нацрт Прирачникот за програмско буџетирање. Додека половина од присутните "преговараа", другата половина од групата присуствуваше на работилница чијашто цел беше да се тестираат знаењата на буџетските корисници во врска со прирачникот за MTBF, за да се види колку успешно се пренесени информациите од првиот семинар. Тестот покажа дека учесниците во двете групи имаат одлично познавање за прирачникот (во просек 12,3 точни одговори од 15 во двете групи). Во текот на оваа работилница, нашите експерти, исто така, дадоа информации за тоа како да го дисеминираат знаењето стекнато за време на обуката назад во нивната институција и меѓу нивните колеги.

На обуката учествуваа 52 учесници, а добиените повратни информации потврдија дека целите на обуката се исполнети. Учесниците истакнаа дека обуката беше добро организирана, содржината беше јасна и лесна за следење, а презентираните примери беа релевантни за идната работа на буџетските корисници.

Повеќе за обуката можете да најдете на следниве линкови:

Македонска верзија:
http://finance.gov.mk/files/u6/%D0%9E%D0%B1%D1%83%D0%BA%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20% D1% 81% D1% 80% D0% B5% D0% B4% D0% BD% D0% BE% D1% 87% D0% BD% D0% B0% D1% 83% D1% 9F% D0% B5% D1% 82% D1% 81% D0% BA% D0% B0% 20% D1% 80% D0% D0% BC% D0% B0% 20% D0% BE% D0% B4% D1% 80% D0% B6% D0% B0% D0% BD% D0% D0% A1% D1% 82% D1% 80% D1% 83% D0% B3% D0% B0.pdf

Англиска верзија:
Http://finance.gov.mk/files/u6/Training%20for%20medium%20term%20budget%20%20reform%20held%20in%20Struga.pdf

Во Струга се одржа и првиот состанок на Мрежата на пилот буџетски корисници. Присуството на мнозинството членови на обуката беше искористено како можност да се одржи овој прв состанок. Претставник на Министерството за финансии ја презентираше идеата за мрежата на буџетските корисници и каква ќе биде улогата на членовите. Буџетските корисници имаа можност да поставуваат прашања и да дискутираат на кратко за проектните активности, идните обуки и сл.

***<u>Подобрување на проектирањето на даночните приходи</u>***

На крајот на февруари г-дин Илари Ваљуш од Финска ја поддржа работата во областа на проектирањето на даночните приходи од данокот на добивка.

Неговата посета во Секторот за даночна и царинска политика имаше за цел создавање нацрт модели за цели на проектирање на буџетските приходи. Беа одржани неколку состаноци со претставници од Секторот за макроекономска политика, Секторот за даночна и царинска политика и Управата за јавни приходи. На средбите се дискутираше за најновите измени на данокот на добивка во Македонија. Понатаму, беше презентиран и разгледан сегашниот нацрт-модел за проектирање на агрегатните приходиод данокот на добивка на Министерството за финансии (МФ), како и моделот за проектирање на даночните приходи на Управата за јавни приходи. Врз основа на овие информации, г-дин Ваљуш ги претстави идеите за воспоставување на нов модел за проектирање на агрегатните приходи од данокот на добивка со соодветни економски варијабли (на пример, БДП, бруто оперативен вишок).



За време на неговата посета, г-дин Ваљуш, исто така, даде придонес за развивање на микро-симулациски методи кои можат да се искористат за проекција на даночните приходи и дистрибутивните ефекти од промените во данокот на добивка. Секторот за даноци и царинска политика претстави прелиминарна микро-симулациска рамка за за данок на добивка во Македонија. Нацрт микро-симулациониот модел потоа беше проучен, калибриран и потврден. Исто така, беа разгледани и договорени следните чекори за развој. За време на оваа експертска посета, г-дин Ваљуш, исто така, објасни, покажа и разговараше за пресметките за маргиналната ефективна даночна стапка (METR) и просечната ефективна даночна стапка (AETR).

Во мај 2017 година, г-динот Сами Јоутинен беше во земјата и неговата посета имаше за цел да се осврне на прашањето за пректирање на приходите: одговорностите, процедурите и соработката за проектирање на основното сценарио за среднорочни приходи. За време на посетата, г-дин Јоутинен се состана со претставници од Секторот за буџет и фондови, Секторот за даночна и царинска политика и Секторот за макроекономска политика за да дискутира за предложениот пристап за проектирање на приходите. Главната карактеристика на неговиот предлог беше промена на улогата на Секторот за даночна и царинска политика со што истиот би имал главна одговорност за проектирањето на даночните приходи и би ја зголемил координацијата со УЈП, Царинската управа и Фондовите. Координацијата на процесот би можело да ја поддржи некое координативно тело (на пример, воспоставената Работна група за приходи). Предложениот пристап беше прифатен од стана на присутните.



*Работна група за приходи*

Г-дин Јоутинен оддржа средба со претставници од повеќе релевантни институции, со цел да започне пилотирање на проекции за основното сценарио за среднорочни даночни приходи во рамките на Работна група за приходи (на овој состанок учествуваа претставници на МФ, УЈП, Царинска управа, Агенција за вработување, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување и Фонд за здравствено осигурување). На оваа средба корисниците започнаа со првично проектирање врз основа на упатствата дадени од страна на експертот. Исто така, се одржаа состаноци во подгрупи за директни даноци и индиректни даноци а се дискускутирашеи за тоа како различните институции го прават проектирањето и кои беа главните прашања кои се земаапредвид при проектирањето на приходите за 2018-2020 година.

## ***<u>Учење според примери од Финска и Естонија</u>***




Во периодот од 07-13 мај 2017 година, седум претставници на Министерството за финансии учествуваа на студиско патување во Финска и Естонија. Целта на посетата беше да се зголеми знаењето и да се дискутираат теми поврзани со, на пример, буџетските процеси, среднорочно буџетирање, буџетските ИТ системи, улогата на различните институции и најдобрите практики од двете земји на ЕУ во областа на планирањето и управувањето со јавните финансии.

Претставници од Министерството за финансии учествуваа на различни работилници и средби организирани во неколку институции во Финска (на пример, Министерството за финансии, Финскиот институт за управување со јавни финансии HAUS, Финскиот парламент, Државниот трезор). Исто така, беше организирана еднодневна посета на Министерството за финансии во Естонија.



За време на посетата, групата размени најдобри практики и дозна повеќе за финскиот систем за,на пример, планирањето на фискалната политика, имплементацијата на Директивата за буџетска рамка, макроекономските проекции, имплементацијата на фискалните правила, среднорочното планирање на буџетот, буџетските ИТ системи, и тн. За време на посетата во Естонија, групата научи за пример за естонската економска и фискална рамка, перспективите на фискалната политика и буџетските реформи во областа на сметководството и буџетирањето.

## ***Подобрување на ИТ сиетмите***

За време на посетата во мај, г-дин Бенедикт Гемилшег од Австрија започна со изготвување на технички спецификации за "иден е-буџет", нагласувајќи ги потребните промени кои ќе настанат поради реформата за среднорочно буџетирање. Во истиот период, г-дин Франц Мајер од Австрија подготви ексел макро рамка која ги поврзува ексел обрасците за среднорочно планирање на буџетот на различните буџетски корисници во резимирани податоци и извештаи.



Во текот на пролетта, фински експерти, г-дин Лаури Репо, г-дин Мика Хапонен и г-дин Јуха Иланмаа ја анализираа моменталната состојба со ситемот и податоците за персонал и плата(за контрола на платите) на Секторот за буџет и фондови, а со цел да ги разберат краткорочните и долгорочните потреби за развој за поефикасна работа при контрола на плати. Во текот на нивните две мисии се одржаа состаноци со Одделението за контрола на плата на СБФ, со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и со Секторот за финансиски прашања на Министерството за финансии.

Во основа, работата може да се подели на два дела:

- краткорочна поддршка на Секторот за буџет и фондови за подобрување на нивниот сегашен Access софтвер, апликација и податоци,
- долгорочни препораки за тоа како може да се подобрат податоците за човечките ресурси, за подобро усогласување.

Беа направени неколку промени во Access системот што го користи Одделението за контрола на плата, како на пример, една промена која има за цел да го олесни внесот на Excel-датотеки со поголем број на податоци со користење на соодветна алатка, како и воведување на неколку специфични проверки на вметнатите податоци пред истите да влезат во Access базата на податоци. Беа додадени и нови функции. Сите овие промени ќе придонесат за поефикасно работење со помалку мануелни чекори, а сепак со висок квалитет на податоци.

За време на посетата, беше изготвена и нова верзија на образецот Ф1 (којшто буџетските корисници го користат за доставување на месечни податоци). Новиот образец вклучува нови работни места, според последното законодавство и каталогот на МИСА.

## ***Активностите на Управниот комитет***

Активностите на Управниот комитет продолжја како што беше планирано. На 16 март 2017 година се одржа петтиот состанок на Управниот комитет. Членовите имаа можност да разговараат за активностите спроведени во текот на зимскиот период и планираните активности за следните 6 месеци од имплементацијата на Проектот. Управниот комитет заклучи дека постои добра секојдневна соработка, активностите се спроведуваат во согласност со работниот план и се бележи напредок во сите области на Проектот.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот MK11 IB FI 01 и истата на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.